1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, во соработка со Министерството за финансии да подготви и достави писмо за поддршка до Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за обезбедување на грант за техничка помош за длабинска анализа на Проектот за енергетска ефикасност на ЕСМ, со укажување дека зависно од резултатите и наодите од длабинската анализа и подготвената документација, Владата дополнително ќе се произнесе по однос на финансирањето и имплементацијата на двете компоненти од овој проект.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, по завршување на длабинската анализа и подготовката на документацијата за Проектот за енергетска ефикасност на ЕСМ сочинет од

двете компоненти: Подобрување и реконструкција на дистрибутивна мрежа за топлинска енергија во Скопје (дел од Планот за раст) и Енергетска реконструкција на деловна зграда на АД ЕСМ – Дирекција, да подготви и да достави Информација до Владата за резултатите и наодите од длабинската анализа и подготвената документација во Заклучок бр. 1 и за можноста за финансирање и имплементација на Проектот.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на грант за финансирање за консултантски услуги за поддршка на пазарно ориентирана зелена трансформација од германската развојна банка KfW, со прилози, ја усвои и му препорачува на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да ги преземе сите неопходни чекори во соработка со KfW за склучување на договор за имплементација на грант и посебниот договор.

**Точка 3**

Владата ги разгледа Препораките од Партиципативниот форум, ги прифати и го задолжи Министерството за односи меѓу заедници во соработка со Агенцијата за остварувањето на правата на заедниците, во рок од една година, да изготви „Стратегија за развој на интеркултарализам и општествена кохезија 2027-2032, со Акциски план”.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на споменичката целина–археолошки локалитет „Тумба Маџари“ во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на збирката на движно културно наследство Збирка на аудиозаписи на првата научно – музичка манифестација во Република Северна Македонија – Струшка музичка есен (1975-1980 година), за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје (патничко моторно возило).

**Точка 7**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за периодот од 8 јули 2025 година до 6 август 2025 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за

период од 9 септември 2025 година до 8 октомври 2025 година, со прилози и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за периодот од 29 август до 6 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 28 август 2025 година до 3 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 16 октомври 2025 година до 22 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 23 октомври 2025 година до 29 октомври 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 28 август 2025 година до 3 септември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија за периодот од 22 август до 28 август 2025 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби).

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на конфискуван имот (земјиште со површина од 56.818,07 $м^2$ на КП 2592/3, КО Морани, на место викано „Долно Поле“, запишано во Имотен лист бр. 1580).

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (10 моторни возила за старо железо).

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (за потребите на Територијалната противпожарна единица на Општина Ранковце), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 20**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Дебар, Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Гевгелија, Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово и Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Гостивар и согласно Заклучокот од Државната изборна комисија за завршување на локалните избори 2025 година, за Избор за членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Дебар.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Гевгелија.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово.

Истовремено, Владата заклучи Предлог - одлуката за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Гостивар, да се разгледа на седница на Владата, по завршување на изборите во Општина Гостивар.

**Точка 21**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (2 патнички моторни возила) и

2. Одлуката за продажба на движни ствари (5 патнички моторни возила, за старо железо), со заклучок, текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружението Доброволно противпожарно друштво „Струмица" - Струмица.

**Точка 23**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата со Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, бојата, светлосните и звучните уреди и обележја на возилата што ги користат републичките сили и на возилата што ги користат просторните сили и воздухопловите за заштита и спасување што се користат во мир и вонредна состојба и начинот на истакнување на меѓународниот знак за распознавање на цивилната заштита во случај на воена состојба на униформата и функционалните ознаки на припадниците на силите за заштита и спасување, обележувањето на возилата и воздухопловите, на објектите, на средствата за заштита и спасување и на градбите и инсталациите што содржат опасни сили.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за јавните патишта (*) (усогласен со Секретаријатот за законодавство), го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од развој и имплементација на веб базирана геоинформатичка ИТ платформа за управување со геопросторни податоци стандардизирани согласно INSPIRE Директивата во Министерството за транспорт и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за превземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025, 2026, 2027, 2028, 2029, 2030 и 2031 година на Министерството за транспорт, развој и имплементација на веб базирана геоинформатичка ИТ платформа за управување со геопросторни податоци стандардизирани согласно INSPIRE директивата во Министерството за транспорт, во вкупна вредност од 292.740.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 100.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2026 година – средства во износ од 84.134.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2027 година – средства во износ од 109.008.400,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2028 година – средства во износ од 24.874.400,00 денари со вклучен ДДВ;
- 2029 година – средства во износ од 24.874.400,00 денари со вклучен ДДВ;
-2030 година – средства во износ од 24.874.400,00 денари со вклучен ДДВ; и
-2031 година – средства во износ од 24.874.400,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт средствата предвидени за 2026 година, како и за останатите години да ги обезбеди во рамки на максимални износи на расходи за соодветна фискална година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт да отпочне постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на работи за развој и имплементација на веб базирана геоинформатичка ИТ платформа за управување со геопросторни податоци стандардизирани согласно INSPIRE директивата.

**Точка 26**

Владата го разгледа Предлогот на среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за периодот 2026 - 2030 година, го утврди и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Месут Јакупи, директор на Агенцијата за стоковни резерви.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за репрограмирање на долг бр.16-6355/2 од 8.8.2025 година, поднесено од Општина Македонски Брод и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Македонски Брод, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.620.370,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на седум еднакви месечни рати, почнувајќи од 1.11.2025 година.

2. Доколку должникот не се придржува на динамиката во отплата на ратите, согласно Амортизациониот план, Министерството за финансии ќе пресмета и наплати казнена камата за сите доцнења во уплатите на ратите, согласно одредбите од Законот за облигационите односи.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските за членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2025 година, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во БЕПС Инклузивната рамка за 2025 година, најдоцна во рок од 30 дена.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Истанбул, Скопје со седиште на ул. „Петре Георгиев“ бр.74, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда).

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Нежилово, Чашка, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Филипов, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од петта категорија со една (1) ѕвезда).

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Кеаб Престиж 94, Струга, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на угостителскиот објект, (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Радика резорт ДООЕЛ с. Леуново, Маврово и Ростуша, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор).

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Корзо, Битола, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Изгрев, со Предлог-решение, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Арена, со седиште на ул. „Попова Шапка“ бр. 2 с. Лисец, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од ДПУТУ хотел Салида ДООЕЛ, Прилеп, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од Диамонд хотел ресторан, Радовиш, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на хотел Фреја, Струга, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на угостителскиот објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Атика ДООЕЛ Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Цами, Дебар, со Предлог- решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Премиер, Битола, со Предлог-решение, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителските објекти (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ардиа, со седиште на ул.„120“ бр. 2 Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди).

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Премиер Центар, Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Панорама, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на хотел Сити Центар, Прилеп, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на угостителскиот објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски ул.„Ленинова“ бр.14, Ресен, со Предлог-одлука (39-7916/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски ул. „Ленинова“ бр.14, Ресен, со Предлог - одлука (39-7919/1), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Снежанка Толова, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ванчо Коцев, ул. „Фемо Кулаков“ бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на Концесијата за експлоатација на минерални суровини – руди на олово и цинк на локалитетот „Саса“, Општина Македонска Каменица на рудникот „Саса“ ДООЕЛ Македонска Каменица.

Истовремено, се задолжува Министерство за финансии да достави ново мислење по материјалот.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Андреј Ангеловски, ул.Маршал Тито бр.44, Делчево, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Снежана Најдова, ул.„Илинденска“ бр.74, с.Сопот, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Велиновски, ул. „Илинденска“ бр.14, Виничани, Градско, со Предлог - одлука (КП бр.656), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Миле Димовски, ул.„3“ бр. 10, Ајватовци, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 57**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Љупчо Шикалевски, ул. „Ленинова“ бр.14, Ресен, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Соња Цветкова, с.Милино, Лозово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Пене Александров ул.„Гоце Делчев“ бр.26А, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Блага Ѓелова, од с.Камен Дол, Росоман, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со давање на трајно користење на движни ствари во сопственост Република Северна Македонија, чиј корисник е Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на ГЛОБЕ програмата во Република Северна Македонија, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Аеродром (за потребите на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“, Општина Аеродром – Скопје).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на Основното училиште „Коле Канински“- Битола).

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (за потребите на Општинското основно училиште „Борис Трајковски“ – с.Моноспитово, Босилово)

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на Општинското основно училиште „Киро Глигоров“ – Центар, Скопје).

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Капија (за потребите на Општинското основно училиште „Димче А. Габерот“- Демир Капија).

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебарца (за потребите на Општинското основно училиште „Дебрца“- с. Белчишта, Дебрца).

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на Општинското основно училиште „Вера Јоциќ“ – Скопје).

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на Општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ – Скопје).

9. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (за потребите на Основното општинско училиште „Св. Климент Охридски", с. Драчево – Скопје).

10. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на Средното општинско училиште Гимназија „Гоце Делчев“- Куманово).

11. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ – Прилеп).

12. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на Општинското основно училиште „Рампо Левката“- Прилеп).

13. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (за потребите на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“- Ранковце).

14. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (за потребите на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ - Крива Паланка).

15. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на Општинското основно училиште „Никола Карев“ -Радовиш).

16. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зелениково (за потребите на Општинското основно училиште „Марко Цепенков“ - Станица Зелениково).

17. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ – Неготино).

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бисеран Асанова, ул. „Черења“ бр. 89, Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средно општинско земјоделско шумарско училиште „Ѓорче Петров“- Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Средно општинско земјоделско шумарско училиште „Ѓорче Петров“- Кавадарци.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Зоран Велиновски, ул.„Илинденска“ бр.14, Виничани, Градско (КП бр.638-дел), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Прилеп, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Прилеп .

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристо Коцев, ул. „Фемо Кулаков“ бр.63/4-9, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамика на проектот на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Санација на браната Ратево, Општина Берово“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2026 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Санација на браната Ратево, Општина Берово” и тоа:
- 2025 година 3.800.000,00 денари

- 2026 година 34.438.025.00 денари.

2. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди потребните средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Антонио Стрезовски ул.29 Ноември бр.168, Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Усеин Ибраимов, ул.Калково бб, Јосифово, Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Дарко Величковски, ул. „Св.Пантелејмон“ бр.17, Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Славе Цветков, с.Долни Дисан, Неготино, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 72**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Чедомир Велинов против Северна Македонија, А. бр. 1441/21, имајќи предвид дека истата е разгледана на Осумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јуни 2025 година.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3174 на Советот од 16 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2024/2643 за рестриктивни мерки во однос на дестабилизирачките активности на Русија и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/3188 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2024/2642 за рестриктивни мерки во однос на дестабилизирачките активности на Русија.

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3004 на Советот од 2 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2999 на Советот од 2 декември 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/2056 на Советот од 26 јули 2024 година за ажурирање на списокот со лица, групи и субјекти опфатени во Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на посебни мерки за борба против тероризмот и укинување на Одлуката (ЗНБП) 2024/332 и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2055 на Советот од 26 јули 2024 година за спроведување на член 2(3) на Регулативата (ЕЗ) бр. 2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти за борба против тероризмот и за укинување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/329.

**Точка 76**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1837 на Советот од 28 јуни 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2024/385 за воведување рестриктивни мерки против оние што ги поддржуваат, олеснуваат или ги овозможуваат насилните дејствија на Хамас и на Палестинскиот исламски џихад и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1838 на Советот од 28 јуни 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2024/386 за воведување рестриктивни мерки против оние што ги поддржуваат, олеснуваат или ги овозможуваат насилните дејствија на Хамас и на Палестинскиот исламски џихад.

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1791 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2023/1532 за рестриктивните мерки во поглед на воената поддршка на Иран за воената агресија на Русија против Украина и за вооружените групи и субјекти на Блискиот Исток и во регионот на Црвено Море и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1793 на Советот од 24 јуни 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2023/1529 за рестриктивните мерки во поглед на воената поддршка на Иран за воената агресија на Русија против Украина и за вооружените групи и субјекти на Блискиот Исток и во регионот на Црвено Море.

**Точка 78**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1967 на Советот од 15 јули 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1960 на Советот од 15 јули 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/2936 на Советот од 25 ноември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1894 за рестриктивни мерки во однос на неодобрените активности на дупчење на Турција во Источен Медитеран.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/2783 на Советот од 29 октомври 2024 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма и Регулатива за спроведување (ЕУ) 2024/2784 на Советот од 29 октомври 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 401/2013 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/2664 на Советот од 8 октомври 2024 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти во поглед на ситуацијата во Тунис и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2663 на Советот од 8 октомври 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 101/2011 за рестриктивни мерки против одредени лица, субјекти и тела во поглед на ситуацијата во Тунис.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3154 на Советот од 16 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2023/2135 за рестриктивни мерки во однос на активностите кои ги поткопуваат стабилноста и политичката транзиција на Судан и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/3156 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2023/2147 за рестриктивни мерки во однос на активностите кои ги поткопуваат стабилноста и политичката транзиција на Судан.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3151 на Советот од 16 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја и Регулатива за Спроведување (ЕУ) 2024/3152 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/1509 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/2075 на Советот од 26 јули 2024 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2074 на Советот од 26 јули 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 267/2012 за рестриктивни мерки против Иран.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/2009 на Советот од 22 јули 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2008 на Советот од 22 јули 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки поради сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права.

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3139 на Советот од 16 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2022/2319 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Хаити и Регулативата за Спроведување (ЕУ) 2024/3138 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2022/2309 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Хаити.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3149 на Советот од 13 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/1775 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мали и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/3147 на Советот од 13 декември 2024 година за спроведување на член 12(1) од Регулативата (ЕУ) 2017/1770 за рестриктивни мерки во однос на ситуацијата во Мали.

**Точка 88**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување национален координатор, негови заменици, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија.

**Точка 89**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2024/2502 на Советот од 23 септември 2024 година за спроведување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на ситуацијата во Сирија и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/2519 на Советот од 23 септември 2024 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 36/2012 за рестриктивни мерки во поглед на ситуацијата во Сирија.

**Точка 90**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/1779 на Советот од 24 јуни 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 за рестриктивни мерки против кибернапади што ѝ се заканува на Унијата или на нејзините земји членки и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/1778 на Советот од 24 јуни 2024 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2019/796 за рестриктивни мерки против кибернапади што ѝ се заканува на Унијата или на нејзините земји членки.

**Точка 91**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2024/3198 на Советот од 16 декември 2024 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2024/254 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Гватемала.

**Точка 92**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2024/3175 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/3177 на Советот од 16 декември 2024 година за спроведување на член 8а(1) од Регулативата (ЕЗ) бр.765/ 2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и учеството на Белорусија во руската агресија врз Украина.

**Точка 93**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението за поддршка и третман на лица со аутистичен спектар и атипичен развој Во мојот свет – Скопје (ул. „Методија Шаторов-Шарло“ бр.16/1-7, Имотен лист бр.51129 на КП бр.755/15 за КО Кисела Вода 2).

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица „Жана С“, со седиште на ул. „8“, бр.15 с.Радишани-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица „Жана С“, Скопје.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата со реални проблеми околу имплементацијата на постапката и реализацијата на Законот за туристички развојни зони, ја усвои и формира работна група со претставници од Министерството за култура и туризам, Министерството за економија и труд и Министерството за транспорт, со цел изнаоѓање на решение со конкретни предлози, во однос на предметното прашање околу имплементацијата и реализацијата на Законот за туристички развојни зони и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата со реални проблеми околу имплементацијата на постапката и реализацијата на Законот за автокампови и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија и труд, Министерството за одбрана и Министерството за култура и туризам, во рок од седум дена, до Министерството за транспорт да достават номинации за формирање на работна група за изработка на нов Предлог на закон за автокампови.

2. Се задолжува Министерството за транспорт, во рок од 14 дена, да формира работна група за изработка на предлог законско решение и во рок од пет дена од формирањето на работната група, да подготви и до Владата да достави нов Предлог на закон за автокампови.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, за зима 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од пет дена да донесе Програма за шест дневен одмор на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, за сезона зима 2026 година и Процедура за реализација на проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, за време на зимскиот распуст, во учебната 2025/2026 година.

2. Се задолжува министерот за социјална политика, демографија и млади, во рок од седум дена, да формира Комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да објави повик на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје во сите редакции, на веб - страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади и во центрите за социјална работа, во декември 2025 година.

4. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од пет дена по објавување на јавниот повик, да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

**Точка 98**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“, Крива Паланка (режиски трошоци).

**Точка 99**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Тетово“, Тетово (режиски трошоци).

**Точка 100**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“, Охрид (режиски трошоци).

**Точка 101**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ – Скопје (режиски трошоци).

**Точка 102**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“, Скопје (режиски трошоци).

**Точка 103**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општинскиот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“, Кавадарци (режиски трошоци).

**Точка 104**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“, Битола (режиски трошоци).

**Точка 105**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“ Скопје (режиски трошоци).

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Кинг филд ДОО Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Кинг филд ДОО Охрид.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.91/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 6 во делот „освен во случаите кога се врши откуп на земјоделски производи од производителите на земјоделски производи или“ од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21, 74/24 и 135/25) и притоа го утврди следното мислење:

Измената на предметниот член од Законот за стоковни резерви е направена по Барање на група пратеници со цел да се овозможи Владата на Република Северна Македонија да има право да ги утврди количините на земјоделските производи што сака да ги откупи за потребите на стоковните резерви, откупната цена, како и други услови, а исто така Владата да има право откупот да го врши директно од производителите со цел да се поттикне земјоделството и да се надминат проблемите со откуп на производи кои се од исклучително значење за животот на населението како и да се спречат поголеми нарушувања на пазарот.

Воедно, поведената Иницијатива е неоснована и беспредметна од причина што во оспорениот член 6 од Законот за стоковите резерви („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21 и 74/24 и 135/25) не е исклучена примената на постапките за јавни набавки, туку се овозможува набавките на земјоделски производи кои се во состав на стоковните резерви согласно член 2 од Законот за стоковни резерви, да се вршат согласно Законот за јавни набавки и/или со Одлука

на Владата на Република Северна Македонија во случај кога се откупуваат земјоделски производи од производителите на земјоделски производи, а во согласност со Годишната програма за работа на Агенцијата за стоковни резерви и почитувајќи го Законот за класифицирани информации.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оцена на уставноста на член 1 во делот: „освен во случаите кога се врши откуп на земјоделски производи од производителите на земјоделски производи или“ од Законот за изменување на Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25) како неоснована, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на истата.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.134/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 14 став 1 во делот „одговорното лице во правното лице кое управува со заштитеното подрачје“, член 15 став 1 во делот „правното лице кое управува со заштитеното подрачје“ и членот 26 став 3, членот 27 став 1 и став 5, член 28 став 1 и член 29 став 1 во делот „управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје“ од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24 и 160/25) и притоа го утврди следното мислење:

Оспорените делови не создаваат нови, недефинирани субјекти, туку се повикуваат на веќе постоечки правни категории предвидени со други закони, пред сè со Законот за заштита на природата.

Оспорените одредби имаат јасна и логична цел: да обезбедат ефикасно управување со заштитените подрачја и справедливо доделување на рибите и другите водни организми на користење.
Член 14 став 1 ја предвидува надлежноста на одговорното лице во правното лице кое управува со заштитеното подрачје за распишување на јавен повик, додека член 15 став 1 го регулира формирањето на комисијата која ја спроведува постапката.

Овие решенија овозможуваат прилагодено управување и јасна одговорност за заштитените подрачја.

Тврдењето дека недостасуваат дефиниции за „одговорно лице“ и „правно лице кое управува со заштитеното подрачје“ не ја нарушува правната сигурност. Законот ја утврдува рамката за овие субјекти, а деталите за нивното именување и критериумите за избор се регулирани со подзаконски акти и процедури. Тоа е стандардна практика во законодавството за управување со природни ресурси и не овозможува арбитрарност.

Дополнително, законските одредби го зачувуваат јавниот интерес и природните ресурси, во согласност со член 56 став 1 од Уставот и член 7 од Законот за рибарство и аквакултура.

Делегирањето на надлежност на правните лица кои управуваат со заштитените подрачја овозможува ефикасно и одговорно спроведување на мерките, без да се загрозува посебната заштита на природата.

Во однос на процедурните гаранции, законските решенија (членови 26-29) предвидуваат јасни правила за избор на најповолна понуда, склучување договори и поништување на постапки.

Понудувачите се заштитени преку право на жалба и контрола од Државната комисија, што дополнително ги минимизира ризиците од произволно постапување.

Конкретен осврт на секој оспорен член:

• Член 14 став 1 - Јасно одредува дека за заштитените подрачја одговорното лице во правното лице кое управува со подрачјето распишува јавен повик, со што се воспоставува одговорност и делегирана надлежност без арбитрарност.
• Член 15 став 1 - Уредува формирање на комисија за спроведување на постапката, што овозможува ефикасно и транспарентно управување со постапките за доделување на рибите и другите водни организми.
• Член 26 став 3 - Предвидува подготовка и потпишување на извештајот од комисијата, со што се гарантира контрола и отчетност во постапката.
• Член 27 ставови 1 и 5 - Уредува донесување на решение за избор на најповолна понуда и обезбедува законски рокови, како и можност за жалба при неактивност на управителот, што гарантира правна сигурност.
• Член 28 став 1 - Уредува склучување на договор со избраниот понудувач, обезбедувајќи правна сигурност и спроведување на конечноста на решението согласно Законот за општата управна постапка.
• Член 29 став 1 - Предвидува услови за поништување на постапката, со што се гарантира транспарентност и заштита на јавниот интерес и природните ресурси.
Со оглед на сето наведено, се смета дека оспорените одредби:

• се јасни и доволно прецизни;
• обезбедуваат ефикасно управување и заштита на природните ресурси;
• не дозволуваат арбитрарно определување на лица или правни субјекти;
• се во согласност со член 8 став 1 и член 56 став 1 од Уставот.

Затоа, овие одредби се уставни и законски.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка по поднесената Иницијатива, бидејќи истата е неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.103/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 29 став (5) од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 и 160/25) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека оспорената одредба е спротивна на начелото на владеење на правото и на принципот на правна сигурност, бидејќи овозможува заобиколување на конечно управно решение за избор на најповолен понудувач, односно овозможува доделување на користењето на рибите и другите водни организми на следниот рангиран понудувач без нова постапка.

Поведената Иницијатива е неоснована и беспредметна од причина што во оспорениот член 29 став 5 предвидува:
„Доколку најповолниот понудувач се откаже од потпишување на договорот за користење, министерот, а за заштитените подрачја управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје, рибите и другите водни организми ги доделува на користење на следниот по ред рангиран понудувач. Во случај никој од рангираните понудувачи да не го потпише договорот, министерот, односно управителот донесува решение за поништување на постапката.“
Оспорената одредба е воведена со цел да се надмине практичниот проблем што настанува кога најповолниот понудувач, по спроведена јавна постапка и донесено решение за избор, се откажува од склучување на договорот за користење.

Со оглед дека во постапките за доделување на користење на рибни подрачја се ангажираат повеќе институции, се вршат проценки, се објавуваат јавни повици и се трошат јавни средства, повторното отпочнување на постапката во целост би предизвикало неоправдано одолговлекување, трошоци и прекин во управувањето со рибните ресурси, кои се добра од општ интерес.
Законодавецот, имајќи ја предвид таа потреба, ја уредил оваа состојба со супсидијарно решение – во случај на откажување на избраниот понудувач, користењето се доделува на следниот по ред рангиран понудувач.

На тој начин се почитуваат резултатите на веќе спроведената транспарентна и конкурентна постапка, без да се наруши нејзината законитост или јавност.

Со членот 29 став (5) законодавецот воспоставува механизам за континуитет во управната постапка, со цел да се избегне потребата за повторување на целата постапка, што би предизвикало значителни административни и финансиски последици и би го нарушило континуитетот на управувањето со рибните подрачја.

Исто така согласно член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото претставува една од темелните вредности на уставниот поредок. Во таа смисла, законодавецот има уставно овластување да уреди процесни прашања во управните постапки, со цел да се овозможи ефективна и целисходна примена на материјалните одредби од Законот.

Одредбата од член 29 став (5) не ја поништува, ниту ја менува правната природа на решението за избор на најповолен понудувач, туку уредува исклучок кој настапува само во случај кога избраниот понудувач изречно се откаже од склучување на договорот, односно од стекнување на правото што му било доделено.

Во таков случај, нема повреда на правната сигурност, бидејќи самото право на најповолниот понудувач не станува дел од правниот промет — односно не произведува правно дејство поради непотпишување на договорот.

Понатамошното доделување на користењето на следниот по ред рангиран понудувач е во согласност со принципот на економичност и ефикасност на управната постапка, пропишан во член 5 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18).

Дополнително, со ова решение се обезбедува целосно почитување на транспарентноста и конкурентноста, бидејќи се применуваат резултатите од веќе спроведената постапка во која учествувале сите понудувачи под еднакви услови.

Според член 15 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18), конечното решение може да се укине, поништи или измени само во случаи утврдени со закон.

Во конкретниот случај, член 29 став (5) не претставува измена или поништување на конечно решение, туку воспоставува последица на доброволно откажување на избраниот понудувач, што правно значи дека решението за негов избор не произведува дејство и не создава право на користење.

Оттука, примената на овој член е во рамките на дозволената дискреција на законодавецот и не е спротивна на начелата од Законот за општата управна постапка.

Со оглед на горенаведеното, член 29 став (5) од Законот за рибарство и аквакултура не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, оспорената одредба претставува разумно и функционално законско решение, кое обезбедува правна извесност, континуитет и ефикасност во постапките за доделување на користење на рибите и другите водни организми и не постојат уставни или законски пречки за нејзино понатамошно важење и примена, поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд да не поведе постапка по Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.103/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 29 став (5) од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 и 160/25), затоа што истата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со начелата на управното право.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.135/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 16 став 1 точка 8, член 16 став 2, член 26 став 3, член 29 ставови 1, 2 и 4 и член 29 став 4 во делот „поништување на постапката“ од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 и 160/25) и притоа го утврди следново мислење:

Со член 16 став 1 точка 8 и став 2 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/24 и 160/25), законодавецот само ја утврдил надлежноста на Министерството да донесува решение за поништување на постапката во случаите утврдени со истиот закон и ја предвидел обврската тоа решение да се објави на веб-страницата на Министерството. Овие одредби не воведуваат нов институт кој е спротивен на управното право, туку претставуваат логична и функционална можност органот да ја прекине постапката која сè уште трае, кога се јавиле околности што ја прават нејзината целесообразност невозможна или незаконита. Со тоа се овозможува поголема ефикасност и транспарентност, бидејќи јавноста е запознаена со секој чекор на постапката, а се спречува и непотребно трошење на јавни средства и ресурси.

Во однос на член 26 став 3, во кој се уредува дека Комисијата составена од Министерството изготвува извештај со предлог за избор или со предлог за поништување на постапката, се смета дека оваа одредба не е во спротивност со Уставот, бидејќи поништувањето на постапката во вакви случаи не значи укинување на донесен акт, туку завршување на постапка што сè уште трае, во согласност со принципот на економичност и јавен интерес. Се работи за процесна мерка во текот на управна постапка која е регулирана со посебен закон  Законот за рибарство и

аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/24 и 160/25), кој по својата природа претставува lex specialis во однос на општата управна постапка.

Во поглед на член 29 ставовите 1, 2 и 4, се укажува дека законодавецот со нив јасно и детално ги пропишал условите под кои може да се поништи постапката за доделување права на користење на рибниот фонд. Така, постапката може да се поништи ако се појават нови околности кои суштински влијаат на нејзината законитост, ако нема пристигнати понуди или прифатливи понуди, или ако најповолниот понудувач одбие да го потпише договорот.

Станува збор за објективни, однапред утврдени ситуации, во кои продолжување на постапката би било без правен основ. Во тие случаи, Министерството има право и обврска да донесе решение со кое постапката се поништува, при што тоа решение мора да биде образложено и доставено до сите учесници во постапката, со што се гарантира правна сигурност и можност за судска контрола.Во однос на ставот 4 од истиот член, кој е оспорен во целина, се смета дека неговата цел е да утврди дека со поништувањето на постапката не настануваат никакви обврски за органот кон учесниците во постапката, бидејќи постапката не резултирала со избор и со стекнување права. До донесување на одлука за избор на најповолен понудувач не постои стекнато право, туку само очекување на можен избор, што не претставува легитимно очекување за заштита во смисла на уставниот принцип на владеење на правото.

Имајќи предвид дека Законот за општата управна постапка дозволува посебните закони да уредуваат специфични процесни правила кога природата на материјата тоа го бара, а постапките за управување со рибниот фонд се таков случај поради јавниот интерес и заштитата на природните ресурси, произлегува дека воведувањето на можноста за поништување на постапка е уставно оправдано. Овој институт не ја нарушува правната сигурност, туку напротив, создава јасна и транспарентна правна рамка за постапување во случаи кога продолжувањето на постапката би било незаконито или бесцелно.

Со оглед на наведеното, се смета дека оспорените одредби од член 16 став 1 точка 8 и став 2, член 26 став 3 и член 29 ставови 1, 2 и 4 од Законот за рибарство и аквакултура се во целосна согласност со Уставот на Република Северна Македонија, не го нарушуваат начелото на владеењето на правото, ниту го доведуваат во прашање принципот на правна сигурност. Со нив се овозможува законито, ефикасно и транспарентно управување со рибниот фонд како природен ресурс од јавен интерес.

Имајќи го предвид горенаведеното, оспорените одредби на член 16 став 1 точка 8, член 16 став 2, член 26 став 3, член 29 ставови 1, 2 и 4 и член 29 став 4 во делот „поништување на постапката“ од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 и 160/25) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапката по однос на поднесената Иницијатива, односно да донесе Решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 16 став 1 точка 8, член 16 став 2, член 26 став 3, член 29 ставови 1, 2 и 4 и член 29 став 4 во делот „поништување на постапката“ од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/2024 и 160/2025).

**Точка 111**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.136/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 110 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24 и 160/25) и притоа го утврди следното мислење:

Членот 110 од Законот не претставува укинување или суспендирање на контролни механизми, туку времено одложување на примената на конкретна материјална одредба (член 75), со цел да се создадат реални услови за нејзино ефикасно и законито спроведување. Станува збор за техничко-преодна норма, која е типична во законодавната пракса кога се воведуваат нови административни механизми што бараат институционална и техничка подготовка.

Во конкретниот случај, членот 75 предвидува сложен систем на контрола при увоз, транспорт и следливост на производите од рибарство уловени во море, што подразбира воспоставување и оперативно функционирање на повеќе административни, инспекциски и гранични органи, воспоставување на електронски систем за евиденција и размена на податоци, како и усогласување на националните сертификати со меѓународните и европските стандарди.

Со други зборови, законодавецот со членот 110 предвидел рационален и неопходен преоден период од пет години, за да се обезбедат материјално-техничките и кадровските предуслови за целосна примена на членот 75. Вакви одложувања се вообичаени во законодавството, особено во случаи кога се воведуваат нови, технички и контролни системи кои се дел од процесот на европска хармонизација.

Исто така, важно е да се истакне дека за време на овој преоден период не е дозволен увоз на нелегален или неконтролиран риболов, ниту пак, Законот создава правен вакуум. Контролата на увозот и дистрибуцијата на производите од рибарство во тој период се врши врз основа на постоечките прописи од областа на ветеринарното здравство, безбедноста на храната и царинската контрола, кои остануваат во целосна примена.

Одложената примена на членот 75 има за цел да овозможи постепено воведување на новиот, повисок систем на контрола, кој ќе биде усогласен со Регулативата (ЕУ) бр. 1005/2008 за спречување, задржување и елиминирање на нелегален, непријавен и нерегулиран риболов, како и со Регулативата (ЕЗ) бр. 1224/2009 за воспоставување на систем за контрола во рамки на заедничката риболовна политика.

Со тоа, членот 110 не создава можност за правен неред или заобиколување на надзорот, туку напротив, воспоставува јасна правна рамка за постепена примена на европските стандарди, на начин што нема да создаде административни пречки ниту да предизвика прекин во меѓународната трговија со производи од рибарство.

Од уставноправен аспект, членот 110 е во согласност со членот 8 од Уставот, кој ги утврдува темелните вредности на владеењето на правото и социјалната правна држава, како и со членот 51 кој предвидува дека сите субјекти се должни да ги почитуваат законите. Одредбата не го нарушува начелото на правна сигурност, бидејќи е јасно временски определена и транспарентно објавена во законот.

Понатаму, не може да се прифати ставот дека со оваа норма се дозволува „неконтролиран увоз“, бидејќи таквата интерпретација ја игнорира целокупната постојна регулатива во областа на безбедноста на храната, здравствената заштита и граничната инспекција. Во ниту еден момент не постои законска празнина која би овозможила слободен увоз без контрола.

Оттука, целта на членот 110 не е дерегулација или ограничување на заштитните механизми, туку воведување на нов, повисок степен на регулаторна контрола, за чија реализација е потребен преоден рок.

Согласно ова, Владата смета дека членот 110 од Законот за рибарство и аквакултура е во согласност со Уставот и со принципите на правната држава, не ја нарушува правната сигурност, ниту ги повредува уставните вредности на заштита на здравјето и животната средина. Напротив, со него се обезбедува постепено и контролирано воведување на европските стандарди за контрола на производите од рибарство.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека Иницијативата е неоснована, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 110 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 и 160/25), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.137/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.156/25) и притоа го утврди следното мислење:

Бирото за метрологија е основано како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и има својство на правно лице. Оваа поставеност е потврдена и со член 20-а ставови (2) и (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа. Како такво, Бирото е составен дел од извршната власт и ги врши работите од областа на метрологијата како јавни овластувања.

Според членот 2 точка 26 од Законот за буџети: „буџетски корисници" се сите правни лица кои се основани од државата или општините, социјалните фондови, општините, освен Народната банка на Република Северна Македонија, јавните претпријатија и трговските друштва, непрофитни институции, основани од државата или од општините".

Средствата кои Бирото ги остварува од наплата на надоместоци за услугите што ги врши како што е наведено во член 37 од Законот за метрологијата, претставуваат јавни приходи.

Член 73 од Законот за буџети јасно утврдува дека со финансиските и нефинансиските средства на државата управува Владата на Република Северна Македонија или јавните субјекти во сопственост на државата. Ова значи дека средствата со кои располага Бирото не се негова приватна сопственост, туку се јавни средства со кои тоа управува во име на државата за извршување на своите законски надлежности.

Од горенаведеното произлегува дека оспорениот член 10 не регулира односи кои се однесуваат на приватна сопственост или стекнати права на приватни правни субјекти. Напротив, тој уредува внатрешна прераспределба на јавни средства помеѓу два органи на државната управа – Бирото за метрологија и надлежното Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини во чиј состав се наоѓа.

Подносителот на Иницијативата погрешно го толкува опсегот и целта на уставната забрана за ретроактивно дејство на законите.

Членот 52 став 4 од Уставот гласи: „Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.“ Со оваа одредба уставотворецот ја штити правната сигурност и стекнатите права на граѓаните и правните лица.

Оспорениот член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологија гласи:

„Уплатените средства од наплата на надоместокот за услугите што ги врши Бирото кои се на сметка на Бирото до денот на влегувањето во сила на овој закон во висина од 50%, Бирото ги пренесува на сметка на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, без притоа да се наруши нормалното функционирање на Бирото.“.

Оваа одредба на никаков начин не влијае на граѓаните или правните лица кои ги платиле надоместоците за услугите на Бирото. Нивната обврска е исполнета и правниот однос со нив е завршен во моментот на плаќањето. Законот не им наметнува нова давачка, не ја менува висината на веќе платениот надоместок, ниту пак ги менува условите под кои услугата била извршена. Одредбата од членот 10 се однесува исклучиво на Бирото за метрологија, како државен орган и се однесува на начинот на кој тоа ќе управува со јавните средства кои веќе се наоѓаат во државниот трезор.

Бидејќи одредбата не создава никакви правни последици (ниту поволни, ниту неповолни) за граѓаните, условот од член 52 став 4 од Уставот воопшто не е релевантен за овој случај. Законодавецот има суверено право да го уредува начинот на прибирање, распределба и користење на буџетските средства и јавните приходи, што претставува прашање на фискална политика и организација на државната управа.

Како што е наведено и во образложението на Законот за изменување и дополнување на Законот за метрологија, една од целите на измените е усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа што води до тоа дека Бирото како орган во состав на Министерството, логично и системски оправдано е дел од приходите што се остваруваат во рамките на тој ресор да се слеваат и на сметката на надлежното министерство, кое врши надзор и ја креира севкупната политика во областа (член 41 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа).

Напротив, со обезбедувањето на стабилно финансирање за развој на метролошкиот систем, се создаваат услови за подобра заштита на јавниот интерес, здравјето, безбедноста и трговијата, што претставуваат директни поволности за граѓаните.

Одредбата е во согласност со темелните вредности на уставниот поредок, вклучувајќи го владеењето на правото и заштитата на јавниот интерес, како што е утврдено во членот 8 став (1) од Уставот. Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рамките на своите надлежности, е одговорно за извршување на законите и следење на состојбата во областите за кои е основано. Уредувањето на финансирањето на Бирото за метрологија е суштински дел од оваа одговорност, обезбедувајќи ефикасно и законито остварување на функциите на државната управа, согласно начелата на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Прераспределбата на јавните средства е конзистентен со другите закони кои се дел од внатрешниот поредок на државата и со принципите на Законот за буџети, како што се принципот на сеопфатност (сите приходи и расходи се внесуваат во Буџетот), принципот на универзалност (сите приходи се користат за намирување на сите расходи) и принципот на фискална одговорност законодавецот, преку оспорената одредба, врши легитимна фискална прераспределба со цел поефикасно управување со јавните финансии.

Од горенаведеното се смета дека наводите во Иницијативата се целосно неосновани и оспорената законска одредба е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со целокупниот правен систем кој го регулира статусот на органите на државната управа и управувањето со јавните финансии, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија истата да отфрли, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на членот од Законот.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.148/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 128 став 3 алинеја 1 во делот „материјални и процедурални недостатоци“ од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/22 и 155/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 128 став (3) од Законот за катастар на недвижности, од причина што оспорената одредба не е доволно прецизна во смисла на ограничувањето или одземањето на одредено овластување или право на едно лице. Според подносителот на Иницијативата, од содржината на оспорената одредба не произлегува попрецизна дефиниција за тоа што се ,,материјални и процедурални‘‘ недостатоци во работењето на Комората и со тоа се остава можност, арбитрерно да се постапува и арбитрерно да се применува одредбата и со тоа се нарушува правната сигурност и се создава неизвесност која е составен дел на начелото на владеење на правото.

Подносителот со Иницијативата бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставност на оспорената одредба и истата да ја укине како спротивна на Уставот.

Согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија:
- „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.
- Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“

Согласно член 128 став (3) од Законот за катастар на недвижности „Надзор над вршењето на јавните овластувања од ставот (2) на овој член спроведува Агенцијата преку:
- укажување на определени материјални и процедурални недостатоци во
работата на Комората,
- давање препораки за доследно спроведување на овој закон во делот на
извршувањето на јавните овластувања и
- давање мислења и стручна помош.‘‘

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Со Законот за катастар на недвижности меѓу другото се уредува и работењето и надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности.

Во членот 8 став (1) алинеја 15 од Законот за катастар на недвижности е пропишано дека Агенцијата за катастар на недвижности е надлежна за вршење надзор на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи.

Согласно член 127 од Законот за катастар на недвижности:
(1) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи се здружуваат во Комора заради застапување и усогласување на заедничките интереси, заштита на јавните интереси и заштита на интересите на трети лица.
(2) Членовите на Комората од ставот (1) на овој член управуваат со Комората непосредно преку свои претставници.
(3) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи како членови на Комората плаќаат годишна членарина во висина која се утврдува со Статутот на Комората.
(4) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи кои не плаќаат годишна членарина согласно со ставот (3) на овој член, Комората со решение ги брише од евиденцијата како членови на Комората.
(5) Седиштето на Комората е во Скопје.
(6) Комората е самостојна, непрофитна и независна организација со својство на правно лице.
(7) Комората се запишува во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија.
(8) Комората има печат со тркалезна форма и штембил во правоаголна форма коишто ги содржат називот и седиштето на Комората. Комората има заштитен знак.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби од Законот за катастар на недвижности како целина, од каде и произлегува и целта и улогата на оваа законска одредба.

Оттука, членот 129 од Законот за катастар на недвижности децидно ги пропишува надлежностите, активностите и задачите на Комората:
- застапување на заедничките интереси на членовите на Комората, подобрување на ефикасноста на работата и работењето на членовите и нивната организираност,
- искажување на интересите на членовите на Комората пред надлежните државни органи и институции,
- обезбедување деловно стручни услуги за потребите на членовите,
- давање совети, информации и помош заради подобрување на резултатите на работењето на членовите на Комората, поттикнување на слободната бизнис иницијатива, соработка и конкурентност,
- го уредува начинот на постапување по предметите во случаите кога трговецот поединец овластен геодет, односно трговското друштво за геодетски работи ќе биде избришано од Именикот на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи,
- врши распоредување на нерешените предмети на трговците поединци овластени геодети, односно трговските друштва за геодетски во случај кога се избришани од Именикот на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи кои се со најблиско седиште до седиштето на трговците поединци овластени геодети, односно трговските друштва за геодетски работи кои биле избришани од Именикот, при што води сметка за подеднакво распоредување на предметите,
- учество во меѓународните геодетски комори и други геодетски асоцијации, во конципирањето и презентирањето на заедничките ставови по прашањата од меѓународен карактер,
- утврдување и негување на добрите деловни обичаи, развивање на деловниот морал и утврдување на правила на деловното однесување на членовите на Комората во меѓусебните односи и во односите кон трети лица на пазарот,

- поддршка и давање на препораки за членовите на Комората при воспоставувањето бизниси, особено со странство и
- вршење други работи од интерес за членовите на Комората согласно со овој закон и Статутот на Комората.

Во Законот за катастар на недвижности се разработени и надлежностите на Собранието на Комората, Управниот одбор и претседателот на Комората. Актите што ги донесува Собранието на Комората се Статут на Комората и Деловник за работа на Комората.

Од аспект на наведеното, бесцелни се наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорената одредба не е доволно јасна и прецизна и со тоа се остава можност, арбитрерно да се постапува и арбитрерно да се применува одредбата и со тоа се нарушува правната сигурност и се создава неизвесност која е составен дел на начелото на владеење на правото. Доколку се земе предвид дека јавните овластувања се веќе дефинирани во членот 128 став (2) кои се однесуваат на издавање и одземање на лиценца за вршење на геодетски работи, водење на Именикот на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за вршење на геодетски работи и на изготвување на тарифник за висината на надоместокот за извршените геодетски работи, неспорно е дека во ситуации кога постојат одредени недостатоци во работењето на Комората, Агенцијата за катастар на недвижности, по извршениот надзор, ќе постапи согласно законската обврска од член 128 став (3) од Законот за катастар.

Согласно член 7 од Законот за катастар на недвижности ,,Агенцијата работи врз основа на принципите на законитост, стручност, ефикасност, транспарентност, сервисна ориентација, професионалност и одговорност за работењето и постигнатите резултати.

Терминот „материјални и процедурални“ недостатоци се однесува токму на вршењето на јавни овластувања од страна на Комората, и тоа материјални недостатоци доколку Комората во своето работење не ги почитува правата, обврските или условите предвидени со закон односно во своето работење не го применува Уставот, законите, подзаконските акти, односно Статутот и Деловникот за работа на Комората, а процедурални недостатоци доколку органите на Комората не ги извршуваат обврските односно не постапуваат согласно своите законски надлежности.

Доколку Комората не ги отстрани недостатоците, јавните овластувања и се одземаат или ограничуваат најмногу до една година, со решение на директорот на Агенцијата. Решението е конечно и извршно, а против истото е дозволена тужба пред управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Одземените или ограничените јавни овластувања во име на Комората ги врши Агенцијата, согласно со овој закон, во рок најмногу до една година.

Оттука, темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на правата загарантирани со Уставот и законите, а во случај на евентуална повреда, да се обезбеди заштита пред судовите, што всушност е веќе уредено со членот 128 став (5) од Законот за катастар на недвижности.

Имајќи го предвид горе наведеното се смета дека член 128 став (3) од Законот за катастар на недвижности е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 128 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/22 и 155/24).

**Точка 114**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.149/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 112 став 1 алинеја 5 и алинеја 6 во делот „делумно“ од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/22 и 155/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 112 став (1) алинеја 5 и алинеја 6 во делот „делумно“ од Законот за катастар на недвижности.

Според подносителот на Иницијативата, во член 112 став (1), алинејата 5 е недоволно прецизна и недоволно нормирана и со истата се предвидува правна последица, а тоа е одземање на овластувањето за овластен геодет, односно истата е недоволно јасна со недоволен опис за тоа дали треба да станува збор за мерка забрана за вршење професија, дејност или должност за дело сторено во врска со вршење на овластувањето овластен геодет или не мора да станува збор за тоа туку, може да станува збор за било кое друго дело за кое овластениот геодет е огласен за виновен.

Според наводите од Иницијативата, начелото на владеење на правото во себе ја содржи правната сигурност што подразбира дека во правниот промет за потребно е да постојат доволно јасни и прецизни норми кои нема да дозволат истите да се применуваат на арбитререн начин бидејќи во таков случај, може да дојде до тоа истите наспрема едни да се применуваат на еден начин, а наспрема други на сосема поинаков начин и кое нешто не би требало да е дозволиво.
Дополнително, според подносителот на Иницијативата, Законот не содржи образложени причини зошто има за последица одземање на овластување на овластен геодет при „делумно“ одземање на деловната способност односно доколку „делумно“ биде одземена деловната способност, не само на овластениот геодет туку на било кое друго лице, тоа не подразбира дека за потребно е да се ограничуваат/одземаат сите права кои еден ги има.

Подносителот со Иницијативата бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставност на оспорената одредба и истата да ја укине како спротивна на Уставот.

Согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија:

„Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.
Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви‘‘.

Согласно член 112 став (1) од Законот за катастар на недвижности:

„(1) Овластувањето за овластен геодет се одзема, ако:

- овластениот геодет во извршувањето на геодетските работи не постапува согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка,
- геодетските елаборати изготвени во писмена форма своерачно не ги потпишува,
- геодетските елаборати изготвени во електронска форма не ги потпишува со валиден сертификат издаден од овластен издавач,

- не ги користи податоците од катастарот на недвижностите и не ги користи само за намената за која се издадени,
- му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност,
- овластениот геодет делумно ја изгуби деловната способност,
- овластениот геодет во рокот определен во членот 109 став (3) од овој закон не поднесе барање за продолжување на овластувањето за овластен геодет, или доколку барањето за продолжување на овластувањето му биде одбиено,
- изготвува геодетски елаборати без претходно извршен премер и увид на недвижностите на самото место,
- не посетува континуирана обука од областа на геодетските работи,
- овластениот геодет во рокот определен во членот 109-а став (5) од овој закон не поднесе барање за престанок на мирувањето на овластувањето за овластен геодет или доколку барањето за престанок на мирувањето му биде одбиено,
- овластениот геодет кој не е вработен кај трговец поединец овластен геодет, односно кај трговско друштво за геодетски работи се утврди дека извршува геодетски работи за трговците поединци овластени геодети, односно за трговските друштва за геодетски работи и
- ако се утврди дека при стекнувањето на овластувањето не ги исполнувал условите по однос на видот и степенот на образование, државјанство и работно искуство, пропишани со закон.“.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Во Законот за катастар на недвижности е предвидена цела глава, која се однесува на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи. Доколку се земат предвид одредбите од Глава VIII од Законот за катастар на недвижности, доволно јасно и недвосмислено се уредени условите потребни за вршење на геодетски работи, условите за полагање на испит за овластен геодет, издавањето, продолжувањето и потврдувањето на овластување за овластен геодет, правата и должностите на овластените геодети, престанокот и одземањето на овластувањето за овластен геодет, стекнување на ново овластување, одземањето на овластување за овластен геодет во случај на изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и делумно губење на деловната способност, лиценца за вршење на геодетски работи и друго.

За да се оцени уставноста на оспорените одредби од член 112 став (1) алинеите 5 и 6 потребно е истите да се разгледаат во корелација со останатите одредби од Законот за катастар на недвижности како целина, како и одредбите од Законот за облигационите односи, Кривичниот законик и Законот за вонпарничната постапка од каде и произлегува  и целта и улогата на оспорените законски одредби.

Оттука, согласно членот 114 од Законот за катастар на недвижности „Агенцијата во случајот од членот 112 став (1) алинеи 5 и 6 од овој закон го одзема овластувањето за овластен геодет, со право по истекот на времето за кое е изречена мерката забрана за вршење професија, дејност или должност, односно по престанок на причините за делумно губење на деловната способност, да побара враќање на овластувањето што го докажува со доставување на соодветен акт од надлежниот орган кој ја изрекол мерката.“.

Од аспект на наведеното, бесцелни се наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорената одредба од член 112 став (1) алинеја 5 не е доволно јасна и прецизна и со тоа се остава можност, арбитрерно да се постапува и арбитрерно да се применува одредбата и со тоа се нарушува правната сигурност и се создава неизвесност која е составен дел на начелото на владеење на правото. Ова дотолку повеќе се земе предвид дека одредбата од членот 114 појаснува дека оној кој го изгубил овластувањето за овластен геодет може да побара враќање на овластувањето доколку достави соодветен акт од надлежен орган кој ја изрекол мерката.

Согласно член 38-б од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 04/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 07/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23):

1) Судот може на сторителот на кој му изрекол казна затвор или условна осуда со која е утврдена казна затвор да му забрани вршење определена професија или дејност, на должности или работи сврзани со стекнување располагање, користење, управување и ракување со имот или за чување на тој имот, ако ја злоупотребил својата професија, дејност или должноста заради извршување на кривично дело и ако врз основа на природата на извршеното дело и околностите под кои е сторено може да се очекува дека таквата дејност ќе ја злоупотреби за повторно вршење кривично дело.

(2) Казната од ставот (1) на овој член се однесува и на забрана за вршење на должност на службено лице, одговорно лице во правно лице или лице што врши работи од јавен интерес.

(3) Во случаите определени со закон може да се пропише задолжително изрекување на забраната заедно со казната затвор, кога на сторителот му е изречена казна затвор во траење од најмалку шест месеца.

(4) Судот го определува траењето на забраната од ставот 1, кое не може да биде пократко од една ниту подолго од десет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката, со тоа што времето поминато во затвор не се засметува во времето на нејзиното траење.

(5) При изрекувањето условна осуда судот може да определи дека таа ќе се отповика ако сторителот ја прекрши забраната на вршење професија, дејност или должност.

Согласно член 62 од истиот Закон:

„(1) На сторителот на кривично дело судот може да му изрече една или повеќе мерки на безбедност, кога постојат услови за нивно изрекување предвидени со овој законик.

(2) Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода, му се изрекуваат на непресметлив сторител на кривично дело самостојно.

(3) Со одлуката за изрекување на мерките од ставот 2, судот може да одреди привремена забрана на вршење професија, дејност или должност, или забрана на управување со моторно возило, кои траат додека трае примената на мерките. Одлуката на судот се доставува до надлежниот орган или правното лице во кое сторителот е вработен, до регистерскиот суд или до органот кој е надлежен за вршење на надзор над спроведувањето на забраната на управување со моторно возило.

(4) Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжителното психијатриско лекување на слобода му се изрекуваат на сторител чија пресметливост е битно намалена ако му е изречена казна затвор, условна осуда со која е утврдена казна затвор или условна осуда со заштитен надзор.

(5) Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани, може да се изрече ако на сторителот му е изречена казна, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена или ослободување од казна.

(6) Медицинско-фармаколошко лекување може да се изрече на сторител на полов напад врз дете до 14 години ако му е изречена казна затвор.

Имајќи го предвид горе наведеното, произлегува дека оспорената одредба на која се повикува подносителот на Иницијативата недвосмислено ја уредува мерката забрана за вршење дејност, должност или професија, при што погрешното толкување произлегува од тоа што подносителот на Иницијативата ја разгледува истата исклучиво од аспект на Законот за катастар на недвижности, а не и во контекст на одредбите од Кривичниот законик што се применуваат кога судот изрекува таква мерка. Дополнително, законските одредби се формулираат согласно утврдените номотехнички правила, според кои секое право, обврска или исклучок мора да биде јасно, прецизно и недвосмислено изразено во нормативниот текст, а не да се изведува преку претпоставки или проширено толкување. Оттука, доаѓаат до израз и основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија каде граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба односно граѓаните пред Уставот и законите се еднакви и со тоа не се остава простор на арбитрерно толкување на Законот, како што е наведено во Иницијативата.

Понатаму, бесцелни се и наводите на подносителот за оспорената одредба од член 112 став (1) алинеја 6.

Имено, согласно член 45-б од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23), „деловно способно лице самостојно изјавува правно релевантна волја“, што значи дека лицето да се стекне со деловна способност, законодавецот ја поврзува со самостојноста на физичкото лице да изразува правно релевантна волја во правниот промет. За едно физичко лице да може да ја изрази својата правно релевантна волја во прометот треба кумулативно да бидат исполнети два законски услова и тоа: навршување определена возраст и постоење ментална зрелост (психичко здравје).

Делумна деловна способност имаат оние лица кои само во ограничен број случаи може да изјавуваат правнорелеватна волја и тие лица се изедначуваат со малолетните лица над 14 годишна возраст.

Согласно член 34 од Законот за вонпарничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.09/08):

„(1) Во постапката за одземање на деловната способност судот одлучува за делумно или целосно одземање на деловната способност на лице кое, поради душевно заболување, слабоумност, употреба на алкохол или други нервни отрови, наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, не е во состојба да се грижи за себеси и за заштита на своите права и интереси.

(2) Кога ќе престанат причините поради кои на лицето му е одземена деловната способност, судот одлучува за делумно или целосно враќање на деловната способност на тоа лице.“.

Оттука, темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на правата загарантирани

со Уставот и законите, а во случај на евентуална повреда, да се обезбеди заштита пред судовите, што всушност е веќе уредено со членот 112 став (3) од Законот за катастар на недвижности.

Судската заштита е посебен облик на организирана правна заштита. Неа ја даваат, по правило, судовите според посебни правила на постапката кои се детално утврдени со закон. Странката за да го оствари своето повредено, загрозено или вознемирено субјективно право, се обраќа до надлежниот орган или суд со барање за соодветна заштита.

Во постапката за правна заштита, судот испитува, на начин пропишан со процесното право, дали постои наводното субјективно право кое правниот субјект сака да го оствари и ги определува мерките на негова заштита.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби од член 112 став (1) алинеите 5 и 6 од Законот за катастар на недвижности се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 112 став (1) алинеја 5 и алинеја 6 во делот „делумно“ од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/22 и 155/24).

**Точка 115**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.150/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 50 став (5) во делот „со подзаконски акт на Академијата“, член 60 став (3) во делот „го губи статусот кандидат“ и член 60 став (4) во делот „утврдена пресметка“ од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/23 и 53/24) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на делот ,,со подзаконски акт на Академијата‘‘ од член 50 став (5), делот ,,го губи статусот кандидат‘‘ од член 60 став (3) и делот ,,утврдена пресметка‘‘ од член 60 став (4) од причина што со оспорените одредби се воспоставува нееднаквост што е спротивно на членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот на Иницијативата ,,од содржината на целината на Законот за Академија за судии и јавни обвинители не произлегува дека, уверението на лицето кое ја завршило почетната обука за судија односно јавен обвинител, а кое не се јавило на оглас за судија односно јавен обвинител последователно два пати, таквото уверение се става вон сила или поништува или дури огласува за ништовно бидејќи, истото сепак ја има својата правна сила во правниот промет но според ваквата конструкција на одредба, таквото уверение е испразнето од својата суштина без тоа да има соодветен акт од надлежен орган.‘‘

Дополнително, според подносителот на Иницијативата по однос на оспорениот дел ,,утврдена пресметка‘‘ од член 60 став (4) од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, постои отсуство на параметри врз основа на кои ќе се пресметуваат трошоците и другите надоместоци за обучување на лицето што може да доведе до арбитрерно постапување и создавање сегашни и идни неизвесни состојби, а кое нешто не е во согласност со начелото на владеење на правото. Подносителот со Иницијативата бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставност на оспорените одредби и истите да ги укине како спротивни на Уставот.

Согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија:
,,Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви‘‘.

Согласно член 50 став (5) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители ,,Доколку слушателот во текот на почетната обука се откаже, ја прекине обуката или неуспешно ја заврши, е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување по утврдена пресметка на реални трошоци, согласно со подзаконски акт на Академијата“.

Согласно член 60 став (3) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители ,,Кандидатот за судија и јавен обвинител кој двапати нема да се јави на оглас за избор на судија или јавен обвинител, односно за судија или јавен обвинител за апелационото подрачје за кое се пријавил за слушател на почетна обука, го губи статусот кандидат за судија и јавен обвинител“.

Согласно член 60 став (4) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители ,,Губењето на статусот кандидат за судија и јавен обвинител од ставот (3) на овој член има за последица надоместување на трошоците и другите надоместоци за неговото обучување, по утврдена пресметка од страна на Академијата‘‘.

Поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, еднаквоста, правото да се учествува во вршењето на јавната функција и правото на работа би требало да се ценат од аспект на посебниот статус на кандидатите за судии и јавни обвинители кој го стекнале, како резултат на системската поставеност на оваа категорија на лица и во целокупноста на нивните права и обврски, а во склад со востановените кадровски потреби на правосудството во Република Северна Македонија.

Целта на основање на Академијата е да се обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство. Основањето на Академијата за судии и јавни обвинители е важен чекор во процесот на судските реформи заради зголемување на професионализмот во областа на правото, а кој ќе помогне и во синхронизација на примената и толкувањето на законите. Продолженото образование на судиите и обвинителите е клучот за непрекинато функционирање на правната држава, зашто законите постојано се ревидираат, а се ратификуваат и нови договори и меѓународни конвенции.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба од Законот потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби кои произлегуваат од Законот за Академија за судии и јавни обвинители (,,Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр. 129/23 и 50/24), Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19) и Законот за Советот на јавните обвинители (,,Службен весник на Република Македонија‘‘ бр.150/07 и 100/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), од каде и произлегува и целта и улогата на оспорената законска одредба.

Законот за Академија за судии и јавни обвинители го уредува приемот и стручното усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, кои кандидати за да се стекнат со тој статус минуваат низ комплексен процес на селекција и рангирање, по што се стекнуваат со статус на

слушатели во Академијата. Тие засноваат работен однос на определено време во Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до нивниот избор за судија или јавен обвинител и за тоа време имаат право на плата на виш судски/јавнообвинителски советник во основен суд/основното јавно обвинителство и други надоместоци од плата согласно со закон.

Дополнително, со законот се уредува посебниот режим на права и обврски кои го уживаат слушателите и подоцна кандидатите за судии и јавни обвинители. Имено, Академијата ги вработува слушателите на почетната обука, кои за времетраење на обуката примаат полна плата и ги поседуваат сите права од работниот однос, со обврска успешно да ја завршат почетната обука во Академијата, по што следи обезбеден избор за судија или јавен обвинител. Ваквата посебна привилегија е системски овозможена за правосудниот систем да обезбеди сигурен прилив на кадри кои ќе ги задоволат проценетите потреби во сите апелациони подрачја во државата.

Слушателот на почетната обука однапред е запознаен со утврдените законски решенија кои произлегуваат од член 50 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, со кој се регулира начинот на стекнување статус на кандидат за судија или јавен обвинител по завршување на почетната обука, значењето и изборот на судии и јавни обвинители од редот на кандидатите кои ја завршиле почетната обука, како и начинот на губење на статусот на кандидат за судија или јавен обвинител, од каде што произлегува дека бесцелно е да се прифати оваа Иницијатива под претпоставка дека секое лице кое се пријавува на оглас за приемен испит во Академијата ги прифаќа предвидените услови утврдени со закон пред да се стекне со статус слушател, односно подоцна кандидат во Академијата за судии и јавни обвинители.

По положувањето на завршниот испит, кандидатите за судии и јавни обвинители остануваат со работен однос во Академијата, сè до нивниот избор за судии, односно обвинители. За тоа време, кандидатите за судии и јавни обвинители се распоредуваат на работа во судовите односно јавните обвинителства, во координација со Судскиот совет и со Советот на јавни обвинители и врз база на специјализирана програма донесена од Академијата.

Оттука, за остварување на функцијата судија, односно јавен обвинител, што по самата своја природа бара покрај долгогодишно стручно образование и специјализација, исполнување и на одредени дополнителни посебни услови за кои се претпоставува дека правен професионалец, кандидат за судија, односно јавен обвинител е спремен да ги исполни. Во овој случај, општествениот и јавен интерес е пред поединечниот.

Имено, лицето со соодветни правни квалификации кога ќе се определи дека сака да продолжи со својата специјализација за да биде судија или јавен обвинител, се смета дека е доволно запознаен со правната литература и европските и меѓународните стандарди, од кои може да разбере дека за да ја остварува функцијата судија или јавен обвинител мора да посетува дополнителна почетна теоретска и практична обука во Академијата и во судовите и јавните обвинителства, да ја заврши обуката, да се пријави за судија или јавен обвинител, но дека изборот го врши Судскиот совет односно Советот на јавните обвинители, врз основа на законски пропишаните критериуми, по претходно донесената одлука за определеното слободно судиско односно јавнообвинителско место од објавен оглас. Сите кандидати кои ја завршиле почетната обука пред Академијата за судии и јавни обвинители се сметаат дека се доволно квалификувани да ја вршат функцијата судија или јавен обвинител на целата територија на Република Северна Македонија.

Оттука, законодавецот пропишал дека дозволени се најмногу до два огласи на кои кандидатите имаат право на свој избор. Трошоците за едукација и специјализација за овие слушатели ја чинат државата пари и време од причина што судскиот и јавнообвинителскиот кадар не се гради

одеднаш. Токму поради таа причина, законодавецот предвидел кандидатот за судија или јавен обвинител да работи во суд, односно јавно обвинителство, во спротивно е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување.

Согласно член 30 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители врз основа на анализа на евидентираните слободни места за судии и јавни обвинители како и проекцијата за потребите за човечки ресурси по апелациони подрачја за следните две години, најдоцна до 31 март во тековната година доставуваат одлуки до Академијата, врз база на кои се определува вкупниот број на слушатели на почетната обука.

Овие одлуки се базираат на евидентираните кадровски потреби на правосудниот систем во Република Северна Македонија, а кои треба да бидат исклучиво пополнети со кандидати од Академијата со завршена почетна обука, со оглед на соодветната системска и законска уреденост. Ова е согласно препораката на Оценската мисија ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители од април 2018 година, а согласно која „не постои планирање на човечки ресурси и нема стратешко планирање за вработување на судии или јавни обвинители, ниту за правни соработници и друг помошен персонал. Огласот за судии и јавни обвинители од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители се чини дека е направен по случаен избор.“ Советите располагаат со сите потребни статистички показатели (број на судии и стручен персонал, број на предмети по судови по област, движење на предмети по години и согласно ново предвидената надлежност истиот мора да ја следи работата на судовите и судиите) и истиот има капацитет за исполнување на наведената обврска.

Сите кандидати кои ја завршиле почетната обука пред Академијата за судии и јавни обвинители претставуваат кадри планирани за пополнување на испразнетите работни позиции во основните судови и јавни обвинителства.

Следствено на ова е и одредбата од член 50 став (5) дека доколку слушателот во текот на почетната обука се откаже, ја прекине обуката или неуспешно ја заврши, е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување по утврдена пресметка на реални трошоци, согласно со подзаконски акт на Академијата. Дополнително, наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорената одредба не пропишува прецизни параметри во однос на пресметката на реалните трошоци не се издржани од аспект на тоа што предметните прашања се предмет на уредување на подзаконски акт за кои е дадено овластување во Законот. Улогата на подзаконските акти е, всушност, во функција на непосредно и правилно извршување на законите, односно со подзаконските акти нормирањето продолжува таму каде што законското нормирање завршува. При тоа, за да може да се донесе еден подзаконски акт, во законот мора да е утврдено јасно законско овластување за донесување на конкретниот подзаконски акт, што, всушност, е сторено со наведениот член од Законот.

Понатаму, постапката за нивниот избор е уредена со Законот за Судскиот совет и Законот за Совет на јавните обвинители врз основа на законски пропишаните критериуми.

Согласно член 46 став (1) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ,,Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на судија веднаш по упразнување на судиското место или по утврдена потреба за судиско место’’.

Со ставот 2 од истиот член се определува дека ,,Во одлуката за објавување на огласот за избор на судија се наведува и потребната специјализација (кривична, граѓанска, стопанска, управна област или друга област од делокругот на работата на судот) за пополнување на празното судиско место, а согласно со претходно доставеното барање од страна на судот до Советот со кое се бара пополнување на судиско место’’.

Согласно член 36 став (1) од Законот за Советот на јавните обвинители ,,Советот донесува одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител веднаш по упразнување на местото јавен обвинител или по утврдената потреба за јавнообвинителско место.‘‘

Согласно член 37 став (1) ,,Советот избира јавен обвинител во основно јавно обвинителство рангиран според постигнатиот успех на листата на кандидати доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители кои се јавиле на огласот по година на завршување на обуката.‘‘.

Со членот 32 став (1) од Уставот на сите граѓани им се овозможува правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност, а додека пак ставовите 2 и 3 пропишуваат дека на секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место и за извршената работа има право на соодветна заработувачка. Според ставот 5 од истиот член ,,Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори’’.

Во оваа материја, Законот за Академија за судии и јавни обвинители е lex specialis и тој определува одредени специфики кои се различни од другите закони, што не значи и дека тие решенија се противуставни.

Воедно, мандатот на функцијата судија или јавен обвинител е доживотен и гарантиран. Оттука, во овој случај не се работи за вработување на овие лица во судовите и јавните обвинителства, туку за нивен избор од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

Согласно член 60 став (3) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители ,,Кандидатот за судија и јавен обвинител кој двапати нема да се јави на оглас за избор на судија или јавен обвинител, односно за судија или јавен обвинител за апелационото подрачје за кое се пријавил за слушател на почетна обука, го губи статусот кандидат за судија и јавен обвинител“.‘

Од наводите на Иницијативата, не произлегува дека одредбата од член 60 став (3) не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, туку дека се работи за прашање кое не е уредено во Законот за Академија за судии и јавни обвинители, односно истите се однесуваат на можноста за користење на уверението од страна на лицата кои го изгубиле статусот на кандидати за судија и јавен обвинител.

Дополнително, наводите на подносителот на Иницијативата дека оспорената одредба од член 60 став (4) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители, не пропишува прецизни параметри врз основа на кои ќе се пресметуваат трошоците и другите надоместоци за обучување, не се издржани од аспект на тоа што предметните прашања се предмет на одлучување во рамките на Управниот одбор за кое е дадено овластување во Законот, а правото на заштита пред судовите за кое подносителот на иницијативата наведува дека не е уредена во Законот, е загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија односно согласно член 50 став (1) од Уставот според кој секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Имајќи го предвид горе наведеното, оспорените одредби од член 50 став (5), член 60 став (3) и член 60 став (4) од Законот за Академија за судии и јавни обвинители се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.150/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 50 став (5) во делот

„со подзаконски акт на Академијата“, член 60 став (3) во делот „го губи статусот кандидат“ и член 60 став (4) во делот „утврдена пресметка“ од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.129/23 и 53/24).

**Точка 116**

Владата ја разгледа Иницијативата од Адвокатското друштво Алексов, Мемиши и Партнери Скопје преку адвокат Дејан Алексов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У3.бр.50/2025 за оценување на уставноста и законитоста на член 4 ставови 2 и 4 од Правилникот со кој се утврдуваат стручните и научните називи, донесен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.125/23 и 194/23) и притоа го утврди следново мислење:

Со предметната Иницијатива Адвокатско друштво Алексов, Мемиши и партнери Скопје ги оспорува одредбите на ставовите 2 и 4 на член 4 од Правилникот со кој се уредуваат стручните и научните називи , според којашто, академскиот назив „дипломиран инженер“ може да стекне студент кој завршил прв циклус на академски студии, но не и студент кој завршил прв циклус стручни студии.

Подносителот на Иницијативата смета дека со одредбите на ставовите 2 и 4 на член 4 од Правилникот со кој се уредуваат стручните и научните називи се ограничуваат правата на студентите кои завршуваат прв циклус на стручни студии, пред сѐ, на работа и слободен избор на вработување и дека со неа се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок во членовите 8, 32 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 138 од Законот за високото образование*, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), стручните и научните називи се определуваат согласно со закон и со општиот акт на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност. Националниот совет, согласно член 43 став 2 точка 11 од Законот за високото образование*, донесува Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи, во согласност со закон.

Според членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори; правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Со членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија е уредено дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право

на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Законите, согласно член 51 од Уставот мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Студиските програми од додипломските студии, согласно ставот 9 на членот 134 од Законот за високото образование*, според содржината и резултатите од учењето треба:

1. Да го воведат студентот во академските дисциплини во една или повеќе научни или уметнички области преку вклучување на теории и методи за да може да се стекне со широки академски знаења и вештини,

2. Да му овозможат на студентот академски знаења, теоретски и методолошки квалификации, коишто ќе го оспособат за самостојно идентификување, формулирање и решавање на сложени проблеми во рамките на соодветните составни делови на предметните области и

3. Да го оспособат студентот стекнатите неопходни основни вештини да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места и за влез во вториот циклус на академски студии.

Називот на квалификацијата, согласно ставот 3 на членот 6 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 3/25), треба да биде единствен, јасен, недвосмислен, препознатлив и суштински да ја одразува употребливоста на квалификацијата. Називот на квалификацијата, заради тоа, исто така треба да биде во согласност и со Меѓународната класификацијата на подрачја на образование и обука (ISCED-F 2013).

Имајќи ја предвид намената на квалификацијата со која се стекнуваат, како и структурата и содржината на студиските програми за академски студии и оние за стручни студии, се смета дека со Правилникот со кој се уредуваат стручните и научните називи се прави јасна разлика помеѓу овие два вида на квалификации со кои се стекнуваат студентите.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка по однос на поднесената Иницијатива, односно да донесе Решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на ставовите 2 и 4 на член 4 од Правилникот со кој се утврдуваат стручните и научните називи, донесен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.125/23 и 194/23).

**Точка 117**

Владата ја разгледа Иницијативата од Темелко Ристески од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.95/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со наведената Иницијатива се оспорува уставноста на одредбата на член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/25).

Според подносителот на Иницијативата, оспорените законски одредби создаваат нееднаков третман меѓу пензионерите и ги ограничуваат уставно загарантираните права утврдени со Уставот на Република Северна Македонија кои се однесуваат на слобода на движење и еднаков третман, поточно со оспорените одредби се повредуваат одредбите од член 8, став 1, алинеја 3, член 9, член 27, став 2, член 35, став 1 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија. Поради тоа, подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да го укине дискриминаторскиот дел од одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) и да се обезбеди еднакво зголемување на пензиите за сите граѓани, без оглед на местото на живеење или датумот на пензионирање.

Со членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) се менува членот 37 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14,20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18,35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19,275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23 и 193/24), со тоа што по зборот „врши“ се додаваат зборовите: „на корисници на пензија на кои пензијата им се исплаќа во Република Северна Македонија“.

Член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25), дополнително дефинира дека зголемување на пензијата ќе се извршува само кај корисници чија пензија се исплаќа во државата, со цел земање предвид на финансискиот капацитет на пензискиот систем и избегнување несоодветни трошоци што би довело до нарушување на буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/24), во член 18 во ставот (3) по зборовите: „28 февруари 2025 година“ се додаваат зборовите: „и кои се исплаќаат во Република Северна Македонија“.

Според член 34 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Според подносителот на Иницијативата, со оспорените одредби се повредени член 8, став 1, алинеја 3, член 9, член 27, став 2, член 35, став 1 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија. Уставниот суд на Република Северна Македонија ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесува на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Член 8 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е утврдена како темелната вредност на Уставниот поредок, при што тоа значи постоење на правен ред со кој се обезбедува остварување на правдата во општеството. Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) додадените измени се специфични и се однесуваат на исплата на пензија на корисници кои живеат и добиваат пензија на територијата на Република Северна Македонија. Со измените во законот се регулираат условите и критериумите поврзани со територијалниот опфат на исплата на пензиски надоместок (пензија), што е во согласност со правниот ред и јасно утврдените правни норми, без да се кршат права на корисниците кои имаат право на пензија според Законот

за пензиското и инвалидското осигурување. Овие измени не го нарушуваат принципот на владеење на правото, бидејќи имаат за цел да обезбедат јасна и правично применлива регулатива за остварување на пензиските права, а со тоа и остварување на правдата во општеството.

Токму оваа прецизност и усогласеност со правната рамка, без дискриминација, претставува гаранција дека правото и правдата остануваат во дијалектичко единство, како што тоа го бара членот 8 од Уставот. Оспорените одредби со Иницијативата се правно оправдани и не ја повредуваат основната уставна вредност за владеење на правото.

Според ова, со членот 9, Уставот на Република Северна Македонија гарантира еднаквост пред законите, но истовремено дозволува разлики во третманот доколку тие разлики се базираат на релевантни и оправдани критериуми поврзани со јавниот интерес и јавните финансии врз основа на закон.

Оспорените одредби од Иницијативата се оценуваат не како неосновано ограничување на слободата и нееднаквост, туку како регулирање кое произлегува од јасно детерминирани критериуми поврзани со финансиска одржливост и рационално користење на јавните средства.

Со член 27 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слобода на движење, вклучително и правото на напуштање и повторно враќање на територијата на Република Северна Македонија. Оспорените одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) не го ограничуваат ова уставно право, туку утврдуваат услови за остварување дополнителни права поврзани со пензиските надоместоци. Со направените законски измени се врши усогласување на пензиите кое нешто не претставува забрана за напуштање на државната територија, туку регулирање на критериумите според кои се финансираат, остварените пензиските права, со цел зачувување на финансиската стабилност на пензискиот систем. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) се дефинира дека зголемување на пензијата ќе се извршува само кај корисници чија пензија се исплаќа во државата и се исклучиво економски и административни, овие одредби не предизвикуваа, дискриминација или ограничување на слободата на движење. Пензионерите и понатаму го имаат правото да ја напуштат државата и да се вратат повторно во било кој момент. Оспорените одредби единствено го регулираат начинот на исплата на пензиите, што е во согласност со националните законски прописи и финансиските капацитети на државата.

Член 35 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија воспоставува обврска државата да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на своите граѓани, согласно начелото на социјална праведност. Ова значи дека државата треба да обезбеди услови за помош и заштита на немоќните лица и лица неспособни за работа, како и посебна заштита на инвалидните лица, обезбедувајќи им услови за нивно вклучување во општествениот живот. Оваа одредба е столб за гарантирање социјални права и императив државата да обезбеди социјална сигурност, а со тоа и европски стандарди за човекови права и достоинство на луѓето што се на маргините на општеството.
Член 51 од Уставот ја дефинира обврската дека сите закони и други прописи мора да бидат во согласност со Уставот, што значи дека донесените законски решенија се спроведуваат во духот на почитување на начелото на Уставност и законитост. Ова е гаранција за правна сигурност и правичност и основа за оценка на уставноста на секој закон.

Во врска со Иницијативата за оценување на уставноста на член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25), мора да се истакне дека овие одредби се во директна функција да ги регулираат правата поврзани со пензиското и инвалидското осигурување во согласност со уставно загарантираните права од член 35 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија. Имено, овие измени се насочени кон обезбедување социјална сигурност на граѓаните, особено на оние граѓани кои се неспособни за работа и инвалидни лица, согласно принципите за социјална правда и заштита што ги гарантира Уставот. Со тоа, тие не го нарушуваат, туку напротив, го остваруваат уставното начело на грижа за социјалната заштита и сигурност на граѓаните.

Пензискиот систем е комплексен и бара одговорно трошење на средствата. Ограничувањето на зголемувањето на пензиите преку прецизната формулација за исплата во државата гарантира штитење на јавните финансии и долгорочна одржливост на пензискиот систем.

Исплатата на пензиите мора да биде поврзана со јасно утврдена територија и социјален систем. Овој принцип не прави дискриминација, туку дефинира системски рамки кои се вообичаени во сите држави.

Оспорените законски одредби со дефинирање на исплатата само во Република Северна Македонија има оправдана цел - заштита на јавниот интерес, одржливост на пензискиот фонд и правна јасност во однос на примачите на пензии, без да ги ускратува правата што се законски предвидени и објективно достапни на оние што ги исполнуваат условите и живеат на територијата на државата.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби од член 1 и член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/25) се во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата.

**Точка 118**

Владата ја разгледа Иницијативата од Христаци Порциу од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.121/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 28 став 3 во делот „или вратат во реонот од каде што биле заловени" од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр.149/14, 149/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 65/23) и притоа го утврди следното мислење:
По хуманиот третман на заловените кучиња, односно извршената стерилизација и кастрација, спроведена превентивна заштита, спроведен тест на социјализација со задоволителен резултат, кучињата трајно се обележуваат со микрочип и со ушна маркица. Согласно, Годишната наредба за здравствена заштита на животните, бојата на ушната маркица се менува секоја година. Со самото обележување се овозможува полесна следливост и реализирање на сите превентивни мерки.

Општините имаат избор, или да ги вдомат заловените кучиња или да ги вратат на реонот на заловување.

Со оглед на горенаведеното, се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована, бидејќи со применување на оваа одредба со која се дава избор за вдомување на заловените кучиња, не се повредуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија

да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на членот од Законот.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Иницијативата од Друштвото за производство, трговија и услуги Фарма Трејд ДООЕЛ увоз-извоз Скопје преку полномошник Адвокатско друштво „Менкиноски“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.133/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 59 во делот „со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година“ од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24 и 16/25) и притоа го утврди следното мислење:

Предмет на оваа Иницијатива е оценување на уставноста на член 59 од Законот за заштита на конкуренцијата, со кој се пропишува можност Комисијата за одлучување по прекршок да изрече глоба до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход на правното лице или здружение на претпријатија што сторило потежок прекршок, во смисла на забранет договор, злоупотреба на доминантна положба или непостапување по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Подносителот на иницијативата тврди дека оваа одредба не е во согласност со темелните вредности на Уставот на Северна Македонија (член 8), бидејќи високата глоба како процент од приходот без конкретна горна граница може да го наруши начелото на пропорционалност и владеењето на правото.

Според член 8 од Уставот, темелните вредности на уставниот поредок се: владеење на правото, слобода на пазарот и претприемништвото, правна заштита на сопственоста, како и хуманизам, социјална правда и солидарност. Тие налагаат секое ограничување на економските права или санкција да биде законски засновано, пропорционално и предвидливо, што е централна забелешка во Иницијативата.

Во контекст на наведеното во Иницијативата однос кон начелото на пропорционалност, владеењето на правото, слободата на пазарот и претприемништвото како и правната заштита на сопственоста, потребно е да се имаат предвид следниве аспекти:
Законот за прекршоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 253/23) утврдува општи материјално-правни правила и начела кои важат за сите посебни закони што предвидуваат прекршочни санкции:
- Член 4: санкција не може да се изрече ако не е однапред утврдена со закон;
- Член 6: органот што ја води постапката е должен да обезбеди пропорционалност на санкцијата;
- Член 16: санкцијата се одмерува според тежината на прекршокот, степенот на вина, последиците и околностите;
- Член 36 став (5): за прекршоци во областа на конкуренцијата може да се пропише глоба до 10% од приходот на правното лице во претходната фискална година;
- Член 37: при одмерување на глобата се земаат предвид приходите, бројот на вработени и претходното санкционирање.

Во Законот за заштита на конкуренцијата, член 59 го следи принципот од член 36 став (5) од Законот за прекршоци, предвидувајќи глоба до 10% за најтешки прекршоци. Во членот 64 е регулирано одмерувањето на глобата, при што Комисијата е должна да ги земе предвид

тежината, времетраењето и последиците од прекршокот, како и олеснителните и отежнителните околности.

Одредба кој се оспорува е јасно формулирана, во согласност со начелото на законитост во определувањето на прекршоците и во пропишувањето на прекршочните санкции. Таа точно го утврдува органот што ја изрекува санкцијата, субјектите на кои се применува и горната граница на глобата.

Санкцијата не е автоматска – изразот „до 10%“ овозможува дискреција. Пропорционалноста се обезбедува преку критериумите за одмерување од член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата и член 37 од Законот за прекршоци.

Исто така, се наведува дека процентуалните глоби се користат и во други области (енергетика, електронски комуникации, заштита на животна средина), што ја покажува нивната усогласеност со општиот систем на прекршочно санкционирање.

Нормата се применува само на правни лица и здруженија на претпријатија кои со своето пазарно однесување влијаат на јавниот интерес, што е во согласност со јавната функција на државата да обезбеди фер конкуренција и заштита на потрошувачите.

Не постојат елементи на правна несигурност или прекумерност кои би го довеле во прашање владеењето на правото или слободата на пазарот.

Имајќи го предвид сето напред изложено, се смета дека член 59 од Законот за заштита на конкуренцијата е во согласност со:
- член 8 од Уставот на Република Северна Македонија,
- членови 4, 6, 10, 16, 36 и 37 од Законот за прекршоци.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека член 59 од Законот за заштита на конкуренцијата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 59 во делот „со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година“ од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24 и 16/25), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на истата.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Иницијативата од Адвокатското друштво „Менкиноски“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.139/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 30 став (6), член 31 ставови (1), (3) и (4), член 32 ставови (2) и (5), член 47 став (3) и член 52 став (3) од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со оваа иницијатива се оспорува уставноста на членовите 30 став (6), 31 ставови (1), (3) и ( 4), 32 ставови (2) и (5), 47 став (3) и 52 став (3) од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/23), во деловите каде што се предвидува мерка трајно

одземање и уништување (колење или еутаназија) на животни по одлука на Управен орган, без претходна задолжителна судска одлука.

Во членот 30 став (1) од Законот за заштита и благосостојба на животните точно е наведен и дефиниран поимот - опасни кучиња како и условите кои треба да бидат обезбедени од страна на сопственикот или одговорното лице за опасно куче за држење на животното соодветно за расата, потребите и карактеристичното однесување.

Во одредбите од Законот за заштита и благосостојба на животните наведени во Иницијативата, се пропишани мерките за опасни кучиња, постапки со овој вид на животни, како правото на Агенцијата за храна и ветеринарство како надлежен орган да донесе акти/ одлуки за изрекување на соодветни мерки.

Согласно член 62 од Законот за заштита и благосостојба на животните, против решението на официјалниот ветеринар може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Правото на жалба против инспекциски акт е пропишано во член 70 од Законот за инспекциски надзор, додека во став 2 од истиот член е пропишано дека жалбата од став (1) на овој член не го одлага извршувањето на инспекцискиот акт.

Начелото на правна заштита е основно начело пропишано и во Законот за општа управна постапка, согласно член 14 став 2 од Законот за општата управна постапка, против првостепените управни акти странката има право на жалба во случаи утврдени со Закон.

Имајќи ги предвид овие одредби, се гарантира правото на жалба против поединечните правни акти донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања, што е во согласност со членот 15 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 30 став (2) од Законот за заштита и благосостојба на животните, кучињата кои може да претставуваат опасност за луѓето и за животните се прогласуваат за опасни кучиња и се внесуваат во Регистарот на опасни кучиња кој го води Агенцијата.

Имајќи ја предвид оваа одредба, сопствениците кои чуваат ваков вид на кучиња, имаат обврска да ги почитуваат законски пропишаните критериуми и услови за чување на ваков вид на животни, почитувајќи ги целите за заштитата на јавното здравје, здравјето на животните и нивната благосостојба, што е во согласност со членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија, односно граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, смета дека Иницијативата е неоснована, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од Законот.

**Точка 121**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска-Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1862, за КО Јурумлери, на КП бр.677/4, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 122**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Каранфиловски од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.91699 за КО Штип 1 на КП бр.1280, викано место/улица „Каленица“, Имотен лист бр.91311 за КО Штип 1 на КП бр.1296/2, КП бр.897/3 и КП бр.898 и објект на КП бр.898 и КП бр.1280 за КО Штип 2 и КП бр.898 и КП бр.1280, за КО Штип 3 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.760, за КО Орман - вонград, на КП бр.3, викано место/улица „Главоец“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за финансии- Управа за јавни приходи, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката – Скопје, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**Точка 124**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Бети Ѓорѓиева од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.33285 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2950/2, КП бр.2950/24 и КП бр.2950/25, викано место/улица „Првомајска 21“ и Имотен лист бр.591218 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2946/5, викано место/улица „Првомајска 21“, поради потребата Министерството за транспорт да достави мислење по истата.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лирим Абдили од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100308 и Имотен лист бр.104097, за КО Тетово 3, на КП бр.12479, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 126**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска-Конеска од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.841, за КО Беровци, на КП бр.1112/1, викано место/улица „Дуње“, Имотен лист бр.839, за КО Беровци, на КП бр.1101, викано место/улица „Дуње“ и Имотен лист бр.836, за КО Беровци, на КП бр.1107/1, викано место/улица „Дуње“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 127**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.10347, за КО Сингелиќ 2, на КП бр.10898/1, викано место/улица „Сингелиќ“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 128**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Владимир Голубовски  од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21624, за КО Кучково, на КП бр.4049/1 и КП бр.4049/2, викано место/улица „Бунариште“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 129**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на користење на средствата за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата и туризмот за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 130**

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт заклучно со прв квартал 2025 година согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 131**

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија по однос на Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефекти од јавни инвестиции во рамномерен регионален развој“, како материјал за информирање.

**Точка 132**

Владата ја разгледа Информацијата за Полугодишниот извештај за реализација на годишните планови за вработување за 2025 година за прво полугодие, период јануари – јуни 2025 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по групи, како материјал за информирање.

**Точка 133**

Владата го разгледа Известувањето во врска со донесена Одлука за давање условна согласност за склучување на Амандман бр. 3 кон Договорот за набавка бр. 02-46/26 од 2.12.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 134**

Владата го разгледа Финалниот извештај за сериозен инцидент Пипистрел Алфа Тренер Z3-UA-011 Спортски аеродром Скопје – LWSN, од 4 јануари 2025 година - SINCID 001/2025, како материјал за информирање.

**Точка 135**

Владата го разгледа Годишниот финансиски извештај за 2024 година, на Здружението за заштита на авторски музички права–ЗАМП, како материјал за информирање

**Точка 136**

Владата го разгледа Акцискиот план за реализација на препораките дадени во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност - Сметка на основен буџет 637 и Сметка на основен буџет 631 на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за реализација на надлежностите, како материјал за информирање.

**Точка 137**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза – Скопје, за периодот јули - септември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 138**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на просторни капацитети-магацин за сместување на времено и трајно одземени предмети, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 139**

Владата го разгледа Известувањето по основ на Заклучок, донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија, бр.50-1937/7 од 16.7.2025 година, каде Агенцијата за управување со одземен имот е задолжена да изготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементацијата на препораките од Државен завод за ревизија на сметката на основен буџет (637) и депозитната сметка (696) за 2023 година и за секоја препорака поединечно, како материјал за информирање.

**Точка 140**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот 1 јули 2025 година-30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 141**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот 1 јануари 2025 година-30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 142**

Владата го разгледа Акцискиот план по Конечниот извештај број 01 2024 03 07/1 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието, како материјал за информирање.

**Точка 143**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Јавна здравствена установа Здравствен дом-Ресен, Сметка на основен буџет (737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Јавна здравствена установа Здравствен дом Ресен, Средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Јавната здравствена установа Здравствен дом-Ресен да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од конечните извештаи и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 144**

1. Владата го отповика Дени Милевски, од должноста член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на негово барање.

1.1. Владата го избра Јован Николовски за член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

2. Владата го разреши Славе Василев, од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на негово барање.

2.1. Владата го именува Марко Крстевски за член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.
3. Владата ја именува Сузана Шутиноска-Ајтовска за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Берово.

4. Владата ја именува Наташа Самарска – Миланова за член на Училишниот одбор - претставник на основачот на Државното средно училиште со ресурсен центар „Св. Наум Охридски” - Скопје.

5. Владата ја именува Анита Салтировска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев” - Делчево.

6. Владата го именува Горан Малешевски за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Делчево.

7. Владата го именува Драган Зафировски за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа - Кратово.

8. Владата ја разреши Евгенија Петроска-Шекреска, од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа - Крушево.

8.1. Владата ја именува Александра Ангелеска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа - Крушево.

9. Владата го именува Христаки Стојаноски за член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа - Крушево.

10. Владата ја именува Андријана Стојкоска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Македонски Брод.

11. Владата го именува Филип Наумчески за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Прилеп.

12. Владата го именува Сашо Поп Илоски за член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје.

**Точка 145**

**1.** Владата го задолжи Министерството за економија и труд, најдоцна до 31 декември 2025 година, до Владата да достави соодветен предлог за изменување на Законот за трговските друштва, со кој ќе се предвиди изборот на овластениот ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, за кои Владата во својство на Собрание на акционери одлучува, да не биде предмет на разгледување и одлучување на Владата.

**2.** Владата по повод укажувањето на м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, а во врска со Заклучокот број 2 од точка 81 „Информација за донесување план за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година – ноември 2028 година“, од Нацрт-записникот од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 октомври 2025 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

- Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да формира единица за спроведување на проектот (ЕСП) во рамките на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, за да помогне во администрирањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година – ноември 2028 година.

**3.** Владата во врска со укажувањето на Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците им укажа на членовите на Владата на Република Северна Македонија да преземат соодветни активности во насока на преземање на лицата од К5 Програмата кои се уште не се распределени по институции, имајќи предвид дека постапката треба да заврши до крајот на 2025 година.

**4.** Владата разгледуваше материјали во согласност со Известувањето од Државната изборна комисија бр.11-4735/1 од 13 ноември 2025 година и Заклучокот за завршување на Локалните избори 2025 година, за избор за членови на советите на општините и Совет на Град Скопје и градоначалници на општините и градоначалник на Град Скопје, бр.08-3716/5 од 12 ноември 2025 година.

**Точка 146**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција/санација на спортски објекти за 2025 година.

**Точка 147**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на склучување Анекс на Договорот за реконструкција на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди, ја

усвои Информацијата и даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 и 2026 година на Министерство за спорт, при склучување Анекс на Договорот за реконструкција на спортската сала „Партизан“ во Општина Карпош, за изведување на работи кои поради непредвидени околности се нужни и договорниот орган не можел да ги предвиди, со динамика на плаќање и тоа:

- 4.000.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2025 година и
- 3.945.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2026 година.

**Точка 148**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во случајот Велинов против Република Северна Македонија, А. бр. 1441/21, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, во износ од вкупно 1.750 евра, кои треба да бидат исплатени по одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Велинов против Република Северна Македонија (А. бр. 1441/21), (средствата да се исплатат најдоцна до 25 декември 2025 година).

**Точка 149**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Желино и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2026 година и 2027 година на Министерството за социјална политика, демографија и млади за изградба на детска градинка во Општина Желино, во вкупна вредност од 41.627.230,66 денари без ДДВ, односно 49.120.132,18 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година - 101.807,00 денари без ДДВ, односно 120.132,00 денари со ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481.
- 2026 година - 21.186.441,00 денари без ДДВ, односно 25.000.000,00 денари со ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481.
- 2027 година –20.338.983,00 денари без ДДВ, односно 24.000.000,00 денари со ДДВ на сметка 637, програма 3А, расходна ставка 481.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 150**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна групна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба, доградба, надградба и адаптација на капитални објекти од областа на детска и социјална заштита согласно Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година и Програмата за изградба, опремување

и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2025 година и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за финансии):

1. Даде согласност за преземање обврски по програмите опфатени со развојниот дел од Буџетот на Република Северна Македонија, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025, 2026, 2027 и 2028 година од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, за спроведување на повеќегодишна групна јавна набавка за изведување градежни работи за изградба, доградба, надградба и адаптација на капитални објекти од областа на детска и социјална заштита, предвидени со Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2025 година и Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2025 година, во вкупна проценета вредност од 558.643.962,22 денари со ДДВ. Плаќањето на обврските ќе се врши во период од четири години (2025–2028), согласно динамиката на реализација на проектните активности. Од вкупната проценета вредност на јавната набавка: Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе обезбеди и плати средства во износ од 497.226.244 денари, во согласност со динамиката на реализација на проектите во период од четири години (2025–2028). Останатиот дел од вкупната вредност, односно 61.417.718,22 денари, ќе биде обврска на општините, согласно нивното утврдено финансиско учество со кое аплицирале за кофинансирање на проектите.

2. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години (2026, 2027, 2028), а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 151**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и финансиските аспекти поврзани со проектот за јавно-приватно партнерство (ЈПП) за интегрирано менаџирање со стерилизација и хируршки услуги во здравствени установи, со фокус на УК „Мајчин дом“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да номинираат по два члена за учество во интерресорска комисија во рок од пет дена.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во рок од пет дена по приемот на номинациите, да формира интерсекторска комисија.

3. Се задолжува Министерството за здравство, врз основа на предлогот од интерсекторската комисија, во рок од триесет дена, да достави конечен предлог до Владата за понатамошно постапување со Договорот за јавно приватно патрнерство со компанијата „Скопстер“ ДОО Скопје и партнери.

**Точка 152**

Владата ја донесе Одлуката за отворање Почесен конзулат на Република Австрија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола.

**Точка 153**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за соработка со Јапонска агенција за меѓународна соработка (JICA), како материјал за информирање.

**Точка 154**

Владата ја донесе Одлуката за отворање Почесен конзулат на Република Северна Македонија во Република Србија, со седиште во Панчево.

**Точка 155**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на меморандум за соработка со програмата за зголемување на пазарната вработливост – (IME), со Меморандум за соработка, како материјал за информирање.

**Точка 156**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Детроит и ја донесе Одлуката, со заклучок образложението и текстот на истата да се усогласат со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 157**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување Почесен конзул на Република Австрија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола.

**Точка 158**

Владата го донесе Решението за именување почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Србија, со седиште во Панчево.

**Точка 159**

Владата го разгледа Предлогот на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија и условно го утврди, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, пречистениот текст на Предлогот на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија да го достави до Европската комисија.

3. По добивањето на одговор од Европската комисија, пречистениот текст на Предлогот на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереници, м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда и Николина Микеска-Костадиновска, раководител на сектор во Министерството за правда.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:45 часот.